**20101422889**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 82 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08 и 124/10), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ, ПОСТАПУВАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНА ОПОЈНА ДРОГА, ПСИХОТРОПНА СУПСТАНЦИЈА И РАСТЕНИЕ ОД КОЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ ОПОЈНА ДРОГА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на чување, постапување и уништување на одземена опојна дрога, психотропна супстанција и растение од кое може да се добие опојна дрога.

Член 2

Одредбите од овој правилник се однесуваат и на препаратите (лекови и други препарати) кои во својот состав содржат опојна дрога или психотропна супстанција.

Член 3

За начинот на чување, постапување и уништување на одземена опојна дрога, психотропна супстанција и растение од кое може да се добие опојна дрога се применуваат одредбите на Правилникот за поблиските услови за начинот на одстранување на отпадот со лекови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/08).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-6196/1
25 октомври 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.